РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 10 - 1928/2
21. 10. 2024 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 и член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] од Ресен, [redacted], со број 10-1928/1 од 19.09.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Барањето за пристап до дополнителни информации од јавен карактер** од [redacted], ул. [redacted] Ресен, заверено под број 10-1928/1 од 19.09.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот на информацијата [redacted], преку пошта на Општина Ресен поднесе [redacted] барање информации од јавен карактер на ден 19.09.2024 година заверено под број 10-1928/1 со кое побара преку пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: списите од извшениот надзор на Општинскиот градежен инспектор од 01.07.2011 година и одобрение за градба кое е издадено за спорниот објект или друг документ дека при изградба на објектот немало неправилности.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Согласно членот 23 од Закон за Слободен пристап до информации од јавен карактер Ве информира за следното од одделение за инспекциски

надзор известени сме дека на ден 07.10.2024 година со број ИП-1-22 од страна на одделението за инспекциски надзор на лицето Силвана Тозиевска и беше доставен одговор за истите информации.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**

**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН * РЕСЕН